**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,48 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Бесим Догани, Љубчо Георгиевски, Иван Анастасовски, Лазар Китановски, Славица Грковска, Ацо Киров, Владо Бучковски, Нада Станчева, Илија Димовски, Андреј Жерновски, Данаил Дончев, Соња Гелова Стојанова, Оливер Шамбевски, Игор Ивановски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Мирјана Секуловска, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Абдуллади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот за Комитет за односи меѓу заедниците, со Предлог на закон.

Процедурално за збор се јавува господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Господине претседателе, процеудралната забелешка ја користам за да го искажам нашиот протест за начинот на кој вчера беше организирана Законодавно-правната комисија и начинот на кој претседателката ја водеше таа комисија.

Имено вчера претседателката не дозволи да се изјасни комисијата, запрво амандманот кој го предлагаше пратеничката група на ДУИ. Таа дозволи само за уставноста на амандманот кој беше предложен од Владата, не навлегувајќи во материјата на амандманот.

Мислам дека оваа пракса која што сака да ја воведе госпоѓа Дулиќ, како претседател на Комисијата е спротивно на Деловникот и не е во ред на тој начин да ја сведуваме работата на Комисијата.

Јас денес ја видов одлуката за основање на постојани работни тела каде во првиот став децидно пишува дека комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за усогласеност на законите и другите акти, со Уставот и со правниот систем, како и нивната правно-техничка обработка. Значи, ако веќе се дозволува, или се третира амандман од Владата, како еден Предлог акт на Собранието, зошто ист третман да нема и друг амандман, ако е закон од Владата да се има одредено мислење, а по таа логика, ако е Предлог закон на пратеник не би можела истата комисија да расправа затоа што е акт на пратеник.

Законодавно-правната комисија не може да ги дели работите, да дава мислење и да ги става на гласање работите кои се само Предлог на Владата, а предлозите кои доаѓаат од страна на пратениците да не ги зема предвид. Не може да се сведе само на разгледување на уставноста, како да е оваа Комисија Уставен суд. За уставноста има и други акти. Го почитувам тоа што уставноста е во согласност со политичкиот систем, но не само уставноста. Мислам дека таквото практикување на водење на седницата на оваа Комисија, прво реков дека е неделовнички, второ придонесува во Собранието, на пленарните седници да се пренесуваат можни дебати и дилеми кои можат таму да се разјаснат, да се префрлуваат тука на пленарните седници и тука расправите да бидат подолги и непродуктивни.

Мислам дека како Парламент, бидејќи ние ја овластуваме таа Комисијата како да работи и начинот на нејзината работа, да се обрне внимание или да се разгледа како претседателот на Комисијата во иднина да не постапува на овој начин како што постапил.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално за збор се јавува господинот Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Во име на парламентарната група на Демократската унија за интеграција, барам еден час пауза. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** По барање на пратеничката група на ДУИ давам еден час пауза.

(Пауза од 11,54 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,02 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

За збор се јави пратеникот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе,

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

На самиот почеток би сакал да истакнам дека со оглед на пријавените дискутанти очекувам расправата по Предлог-законот за Комитетот за односи меѓу заедниците да биде обогатен, бидејќи овде се и пратениците од парламентарната група на ДУИ, од причини што регулирањето на оваа материја со закон беше дел од агендата на разговорите помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.

Морам да истакнам дека иако вака дизајниран, законот и концептуално и содржински има низа слабости и недоследности што сигурно ќе ја наметне потребата истиот да се подобри со амандмански корекции. Сепак, тврдењата дека воопшто нема потреба од носење на посебен закон за Комитет за односи меѓу заедниците,

мислам не се до крај издржани до толку повеќе што самиот чин на конституирањето на овој Комитет предизвика лавина реакции на опозицијата, нејзино повлекување од работата на овој Комитет и криза во политичкиот дијалог на релација позиција-опозиција.

На овој начин конституиран Комитет без целосен легитимитет, не можеше а да не ја отвори Пандорината кутија на легитимноста на донесените одлуки од страна на овој Комитет и нејзините импликации врз функционирањето на принципот на двојно гласање како еден од механизмите за спречување на мајоризацијата по етнички основ. Се разбира дека ваквата состојба како извор на политички опортунизам мораше да се надмине преку повторн рекомпонирање на овој Комитет, што ќе признаете тешко дека ќе можеше да се направи до колку не се преточеше во конкретно законско решение. Впрочем и Деловникот за работа на Комитетот за односи меѓу заедниците не предвидуваше вакви можни компликации при нејзиното конституирање, ниту пак излезни решенија до колку дојдеше до тоа.

Морам да напоменам дека се точни констатациите на дел од колегите дека законот во голем дел ја преземал уставната дикција по ова прашање, а во надлежностите и она што се содржи во Деловникот за работа на овој Комитет, но исто така е точно дека со одредени одредби законот оневозможува во иднина да се случуваат злоупотреби на етничката припадност при конституирањето на овој Комитет, она што се разбира послужи како иницијална railписла за сите досегашни недоразбирања на овој план.

Јас овде не би сакал да ги коментирам, па дури и за депласирани ги сметам тезите изнесени од оваа говорница дека е ова почеток на реализација на мајскиот договор Груевски-Ахмети од едноставна причина што секој договор кој не излегува од уставните рамки и е во правец за надминување на одреден кризни ситуации, се за поздравување, независно кои се актерите на тие договори. Впрочем, до колку законот придонесе овој Комитет да се рекомпонира и профункционира со полн капацитет на начин нормиран со Уставот и одредбите на овој закон, целта е постигната.

Се разбира дека и предлагачот треба да покаже доблест да ги прифати амандманите кои се во својство на допрецизирање на одредбите од законот за да не остане простор за најразлични толкувања и злоупотреби на истиот.

За волја на вистината, иако овој Комитет во претходниот мандатен период функционираше поефикасно, сепак самиот факт што Комитетот се конституираше многу доцна, што многу често работеше на работ на кворумот, што седниците беа прекинувани некогаш поради неприсуството на медиумите и тн., зборуваше за несоодветниот однос кон ова тело толку значајно за стабилните меѓуетнички односи во Република Македонија.

Исто така куриозитет на претходниот мандатен период е што Комитетот во ниту еден случај не расправаше за потребата некој закон да биде изгласан по принципот на двојно мнозинство, туку расправаше по сосема други прашања, како што е прашањето за државјанството, употребата на симболите на заедниците, личните карти и патните исправи, извештаите на Народниот правобранител и тн.

Морам да напоменам дека дел од програмата на Комитетот во претходниот период не се реализира и по одредени прашања не се дебатираше од причини што не беа доставени бараните информации од надлежните институции, посебн прашањето на соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа. Гледано од тој аспект, а со цел прецизирање на изворните надлежности на овој Комитет, потребата од носење на овој закон е неспорна, што не значи дека во таква форма законот ги задоволува сите критериуми на еден квалитетен закон.

Некои од дискутантите укажаа на одредени слабости и недоречености на законот, некои, според мене, дадоа и непримерени квалификации за законот, но тврдењето дека целта е промашена и дека уставното решение во целост го регулира ова прашање, според мене не е сосема издржано од едноставна причина што интенцијата на една уставна одредба е од генерален постулат, да се преточи во конкретна законска материја, нема да остави никаков простор за поинакво толкување и се разбира соодветно на тоа и несакани практични последици. Впрочем она што се случуваше во Комитетот во претходниот период, начинот на изгласувањето на одредени закони, реперкусиите врз политичкиот дијалог, само по себе укажуваше дека уставната рамка е претесна за да се надминат одредени недоразбирања и дека тие треба да се регулираат со конкретна законска материја.

Теренот на меѓуетничките односи е толку осетлив што секоја недоволна прецизирана законска регулатива или обид за политичко поентирање на вакви теми, може да има сериозни последици по стабилноста на системот и функционирањето на правната држава. Оттука, текстот на законот мора да биде лишен од импровизации и прецизно да ги регулира прашањата од надлежност на Комитетот за односи меѓу заедниците. Така на пример, евидентно е дека ставот 4 од член 3 е недоречен од едноставна причина што критериумот на соодветната и првичната застапеност при конституирањето на ова тело го врзува само за македонската и албанската заедница, што не е во духот на Рамковниот договор од Охрид и амандманот 10 од Уставот на Република Македонија каде овој принцип се однесува и за припадниците на турската, ромската, бошњачкта, српската и влашката заедница. Прашањето беше покренато и на седницата на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, при што заменик министерот прифати ставот 4 на член 3 од законот да се корегира и да ги опфати и наведените заедници.

Понатаму, законот е чекор напред по однос на прецизирањето на припадност кон одредена етничка заедница, бидејќи прецизно е дефинирано дека при основањето на Комитетот за односи меѓу заедниците, за утврдување на припадноста на пратеникот на одредена заедница ќе се зема предвид изјавата дадена при поднесување на листата на кандидати за пратеници, до Државната изборна комисија, што дефакто ќе оневозможи манипулација со етничката припадност на било кој припадник член на овој Комитет. За волја на вистината иницијална каписла за сите недоразбирања, при конституирањето на Комитетот беше токму ова прашање т.е. етничката припадност на еден член на Комитетот кој неминовно ја начна и моралната димензија на ваквото прашање. Тоа резултира со повлекување на опозицијата од работата на ова тело и се разбира со сите нејзини последици. Ваквата одредба во законот во иднина ќе оневозможи вакви недоследности и евентуални злоупотреби при конституирањето на овој Комитет.

Освен тоа, сметам дека и член 6 би требало да претрпи измени, со што би се овозможило со Комитетот да претседаваат не само припадници на македонската и албанската заедница, туку и припадник на помалите заедници, не само поради фактот што во овој Комитет членуваат пет припадници на помалите заедници во Република Македонија, туку и поради фактот што овој Комитет дефакто и дејуре треба да го рефлектира не само мултиетничкиот карактер на македонското пштество, туку и да го промовира принципот на правичност во функционирањето на овој Комитет. Тоа може да се постигне само преку примена на принципот на ротација и во тој контекст и амандманот на госпоѓата Роза Топузова Каревска и амандманот што го поднесовме со господинот Хади Незири е во правец на имплементација на овој принцип и јас се надевам деа министерот ќе г прифати амандманот.

Морам да истакнам дека ваков принцип на раководење беше договорен и во претходниот собраниски состав, но за жал не беше испочитуван. Токму поради тоа законското регулирање на овој принцип би овозможил секоја година со Комитетот да претседава припадник на македонската, албанската и еден припадник од помалите етнички заедници во Република Македонија.

Би сакал на кратко да се осврнам и на глава 3 од законот која се однесува на надлежностите на Комитетот.Имено на мислење сум дека во изворна надлежност на овој Комитет, покрај надлежностите утврдени во член 9 од овој Предлог-закон, треба да се додаде и имплементација на принципот на првичната и соодветна застапеност на припадниците на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа. Имено овој принцип кој е еден од најголемите придобивки на Рамковниот договор од Охрид и составен дел на амандманот 6 од Уставот на Република Македонија и дефакто е камен темелник на стабилните меѓуетнички односи. Оттука, Комитетот за односи меѓу заедниците во секој момент треба да има увид во динамиката на имплементацијата на овој принцип, што во моментот е во надлежност на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор од Охрид, при Владата на Република Македонија. Тоа дотолку повеќе што во претходниот мандатен период овој Комитет не можеше да отвори расправа по оваа проблематика од причини што од надлежните институции не ги доби потребните информации. Затоа инсистирам ова да се регулира со соодветна одредба и во законот за Комитетот за односи меѓу заедниците.

И на крајот, во преодните и завршните одредби се утврдува дека до влегувањето во сила на овој закон продолжува работата на Комитетот во сегашниот состав.

Ставот 2 од членот 14 пак не е во согласност со став 2 од член 5, бидејќи согласно член 5 став 2 од законот, при основањето на Комитетот за утврдување на припадноста на пратеникот на одредена заедница, се зема предвид неговата изјава дадена при поднесување на листата на кандидати за пратеници, до ДИК, додека во став 2 на член 14 стои дека е валидна изјавата при верификацијата на мандатот на пратеникот.

Иако сум за тоа да се штити дигнитетот на секој пратеник, член на овој Комитет, сепак законот не смее да содржи контрадикторни одредби па макар тие биле и од преоден карактет.

На крај, и покрај одредени слабости и недоречености на законот, на кои укажаа и голем број од пратениците во текот на оваа расправа, сметам дека со поднесените амандмани може да се подобри текстот на законот за да биде не само прифатлив за пратениците од владеачкото мнозинство, туку и применлив во пракса.

Благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

На ред за збор е госпоѓа Валентина Божиновска, но мислам дека таа не е присутна.

На ред е господинот Благој Зашов.

Повелете господине Зашов имате збор.

**Благој Зашов:** Господине претседателе, колеги пратеници,

Разгледуваме еден Предлог на закон од политичката сфера на животот во Македонија. Сакаме со закон да регулираме една маатерија која велиме треба да има и законско решение покрај постојната уставна основа содржана во амандманот 12. Со 16 члена, ова е мал закон и не е спорно зошто се носи во една фаза, се решава една материја која до сега беше регулирана со подзаконски акт. Всушност, тој треба да ја замени одлуката за формирање на Комитет за односи меѓу заедниците.

Согласно Уставот во заедниците за кој се зборува во текстот на овој закон влегуваат македонскиот народ и заедниците на деловите на другите

народи цитирани во преамбулата на Уставот заменета со амандманот 4. Во предложениот закон некои одредби од Уставот се преповторуваат заради поврзување со дел од материјата што се разработува во законскиот текст. Се утврдува и рок за основање на Комитетот во траење од 60 дена по влегување во сила на законот. Се ова до сега кажано беше вовед за да гокажам моето мислење околу законското регулирање за основањето на комитетот за односи меѓу заедниците, за основање на уште едно тело кое треба да решава дел од пробелмите што се појавуваат или во иднина може да се појават во меѓуетничките односи во Република Македонија.

Нашата држава е унитарна, барем така е кажано во Уставот односно е договорено со Охридскиот договор. Во неа живеат граѓани како македонски народ, Албанци, Турци, Власи, Срби, Роми, Бошњаци, но и други како што се вели во амандманот 4 со кој се замени преамбулата на Уставот, кои се дел од албанскиот, турскиот, влашкиот, ромскиот, српскиот и бошњачкиот народ. Овој закон треба да регулира материја од меѓуетничките односи да предвиди механизам за разгледување на прашањата кои како припадници на мнозинскиот македонски народ или на етничките заедници повеќе не раздвојуваат отколку што не спојуваат. Поточно кажано, да се создаде механизам тие рпашања да не не делат, туку обратно да овозможуваат приближување односно излегување од некој ќор сокак во кој би западнале тие односи.

Читајќи го текстот на Предлог законот, дискутирајки во Законодавно-правната комисија кога таму се разгледуваше, а особено кога ги слушав дискусиите на колегите во Собранието, размислував дали можеби сега треба да го кажам моето мислење за она што особено во последно време ни се случува на сите нас во Република Македонија. Имено, во последно време многу бавно работиме во Собранието, а тука сме формално од 11 до 18 часот секој работен ден. Се разбира, не и оние кои формално се пратеници, а не доаѓаат на седници, зашто имаат лидерски обврски или уживаат некаде во странство со парите заработени во Македонија, вклучително и од платата што редовно им тече. Донесуваме таканаречени европски закони, но расправаме и за минормни работи од дневниот ред така како што ни го предложил нашиот претседател на Собранието. Десетина седници со педесетина предлози на закони или други акти чекаат повторно да бидат ставени на дневен ред односно да им дојде редот за разгледување меѓу кои е и таканаречениот закон за стечајци, кој треба да реши едно болно прашање на 5 до 6 илјади луѓе таканаречени стечајци, луѓе без работа чии претставници почнаа да се смрзнуваат во шаторите во Паркот на жената борец спроти Собранието. Овде многу расправаме за се и сешто и надвор од темите на дневниот ред. Дискутираме без ограничувања, зашто тоа го дозволува Деловникот кого некој не сакаше да се промени, но од тоа освен забава за оние кои ги гледаат преносите од седниците на Собранието,нема резултати. Се разбира, ако токму забавата за народот некој не сака да ја стави меѓу резултатите што ова Собрание треба да ги постигне.

Не се реализираат ниту ветувањата, ниту очекувањата на народот за економски развој, вработувања, зголемување на животниот стандард, подобро образование издравство, помалку сиромаштија, криминал, мито и корупција.

Предлогот за донесување на закон за односите меѓу заедниците е само повод повторно да отвориме уште една тема која беше камен на сопнување во политичкиот живот на нашето општество одразен во составот на Комитетот за односи меѓу заедниците основан според досегашните прописи. Станува збор за тема која е многу поширока од тоа дали некој се изјаснил за припадник на една малциснка етничка заедница за да биде член на Комитетот и тоа довело до некакви калкулации кај некој друг и некој добил мнозинство и тоа го злоупотребувал, како што друг некој тврди. Велам дека темата е многу поширока од причини кои ќе ги наведам.

Еве покрај мене уште еден закон кој не не спојува како граѓани на Република Македонија, станува збор за закон со кој покажуваме дека сме нешто друго, пред се, а потоа македонски државјани. На неодамнешната седница на Франкофонијата одржана токму овде во оваа сала на Собранието, во еден разговор бев запрашан. Зошто мора луѓето во Република Македонија прво да кажат дека се нешто друго, а потоа македонски државјани. Зошто мора секогаш да кажуваме, особено пред странците дека сме Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми или Власи како што е напишано во Уставот. Немав одговор, само констатирав дека во странство сите сме Македонци во смисла на македонски државјани. Таму не е важно дали му припаѓаме на мнозинскиот македонски народ или на некоја малцинска етничка група односно заедница, како што тоа е напишано во законот за кој дискутираме. Таму не е важно кога се фалиме дека сме некој и нешто или се криеме ако сме направиле некоја беља, па велиме или други констатираат дека некој Македонец односно странец со макеоднски пасош направил сообраќајна несреќа, украл нешто, направил некое кривично дело. Ова потенцирање дека сем пред се нешто друго, а потоа Македонци како македонски државјани одмогнува и во битката за името што особено сега се засилува. Не велам дека припадниците на малцинските заедници не се заинтересирани за зачувување на уставното име. Велам дека тоа им дава шанса на нашите соседи од југот да кажуваат низ Европа и во далечна Америка дека за Скопјаните, како што не нарекуваат, не е толку важно името, зашто и онака во Фиром како што љубат да кажат, зборувајќи за нашата држава постои конгломерат на луѓе кои не знаат што се по националнсот и не

е толку важно да им остане името Република Македонија.

Но, да се вратам на законот за Комитетот наодноси меѓу заедниците,според кој од политички причини, зашто изборите се политика секој мора да се изјаснува за својата национална припадност, етничка припадност, ако сака да биде кандидат за пратеник. Притоа, тој мора да каже дека му припаѓа на македонскиот мнозински народ односно е Македонец или на другите заедници односно Албанец, Турчин, Србин, Влав, Ром, Бошњак или нешто друго, иако тоа нешто друго и не е толку важно во политичка смисла, затоа што тие други и ги нема при составувањето на Комитетот. Се прашувам дали некој ако го искористи своето лично право етнички да се изјаснува, зошто тоа никој не може од него да го бара. Може да се кандидира за пратеник. Дали тој ќе биде прифатен како кандидат за пратеник ако каже дека не е од етничката група што е мнозинска или едниствена во некоја од политичките партии. Дали со овој закон и со предлозите за зголемување на Собранието со уште 10 пратеници од редот на Турците, Србите, Ромите, Власите и Бошњаците, но не и од другите националности кои живеат во Република Македонија, нема уште повеќе да се поделиме да ги тераме луѓето да членуваат само во политичка партија на нивната националност ако сакаат да бидат претставени во Собранието. Испаѓа како да е националната односно етничката припадност карика во современиот политички живот што го имаме во оваа наша унитарна Македонија за чие име се бориме, во која половина од населението живее на прагот на сиромаштијата и се бори да опстане, па не им дошло на сите овие наши силни дискусии кој колку ќе биде претставен во Комитетот на заедниците или кој колку долго ќе зборува од оваа говорница. Како да е тоа мерило за знаењето и способноста.

Завршувам со констатацијата дека од нас како народни претставници се бара овде од оваа говорница да кажеме што мислиме и да ги пренесуваме ставовите на оние кои не избрале. Во неможност поради постојаното заседание на Собранието почесто да се сретнуваме со избирачите, можеби и не го пренесе токму мислењето на мнозинството на избирачи што ги претставувам и за тоа им се извинувам. Верувам дека избирачите бараат да решаваме дел по дел од нивните проблеми, донесувајки закони и мерки кои ќе им го подобрат секојдневниот живот, а помалку да имаме вакви дискусии, како што е воаа денес.

На крајот, сакам да потврдам дека без оглед на ова што досега го говорев, го подржувам донесувањето на овој закон како можност да се реши една моментална ситуација, а во иднина да се погрижиме нашето општество повеќе да биде граѓанско, а помалку етничко. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има реплика господинот Положани, повелете вашите три минути.

**Азис Положани:** Јас сакам да ги користам овие две три минути како реплика на говорот на почитуваниот господин Зашов во врска со оваа тема за да покажам на некој начин чувство на почит кон некои тези кои што тој ги покрена, а мислам дека заслужуваат малку внимание.

Како прво дилемата дали да се носи таков закон, дали има потреба или нема или која беше потребата, мислам дека од разни гледишта беше и досега на некој начин образложувана и преку дискусиите, веројатно уште повеќе ќе ни биде појасно, но ценам дека тезата или тој пристап кој што господинот Зашов се обидуваше да го изнесе дека ова е резултат на се помалото пристапување на уредување на односите врз граѓански принцип на корист на етничкиот принцип, мислам дека заслужува еден мал коментар. Заслужува коментар затоа што Охридскиот дооговр и самите амандмани на Уставот токму и тоа го направија со своето донесување. Значи, му дадоа етничка димензија на социјалните реалности на земјата и во државните структури и во државбните институции, вклучително и начинот на одлучување. И, таа етничка димензија зачувувајќо го граѓанскио тконцепт на државата и на поголемиот дел на нормативниот дле на Уставот се направи преку начинот на донесување на гласање на некои закони кои што се поврзани со етничката димензија, а поготово преку овој Комитет. Овој Комитет е тело кое што се вика за разлика од другите тела не комисија, туку комитет и е за заедниците. Значи, со својата содржина претендира навистина да ги претставува заедниците, а не само граѓаните кои, главно, се предмет на состав, на другиот дел на составот на Парламентот и врз база на што поголемиот дел на законите тука се носат.

Затоа, сакав да кажам дека токму таа е причината за донесување на овој закон на уредување или доуредување поради нејаснотијата на некои моменти при изборот на овој Комитет, кој што треба да ги претставува таму етничките заедници како што е предвидено, а не мнозинството или опозицијата, беше причина на уредување на оваа материја и ценам дека е во духот и во насока на консолидација на етничката димензија на политичкиот систем на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Зашов дали имате контра реплика? (Нема).

Сега, ве молам да уважите една ситуација, јас порадинеодложни протоколарни обврски во врска со нашите гости од Црна Гора, би требало сега да направиме еден прекин од 20 минути, а потоа ќе навлеземе во редовната пауза за ручек. Затоа, седницата ќе ја продолжиме во 15,00 часот.

Ве молам да го уважите ова, затоа што се работи за премиерот на Црна Гора, а јас сум домаќин на ручекот.

(По паузата седницата продолжи со рабора во 15,11 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со попладневниот дел од седницата.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете, баравте збор.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер за правда.

Иако веќе еднаш говорев околу оваа точка на дневен ред сега би сакала повторно накратко да го искажам мојот став со оглед на тоа дека и ставот на Либерално демократската партија, со оглед на тоа дека оттогаш помина доста време моето излагање ќе биде кратко дотолку повеќе што почитувани колеги пратеници ако ја погледнеме денешната листа на закажани активности ќе видиме дека немаме ниту еден закон кој што го носи предзнакот на Европската унија, додека на прекинатата седница од 22 октомври имаме барем од вкупните 26 закони 7 закони кои што го носат знаменцето на Европската унија и се надевам дека во името на консруктивноста на која што сите ние се повикуваме и онаа конструктивност на која што не само ние се повикуваме туку ја бара и Европската унија од нас ќе можеме побрзо да ги завршиме овие точки и да поминеме на она што и друг пат сме го барале барем ние од Либерално демократската партија, да дебатираме по законите кои што се однесуваат на Европската унија, односно хармонизација со Европското законодавство. Со тоа да ја намалиме одговорноста на Парламентот за незапирниот извештај и да ја амнестираме Владата за нејзиното лошо работење отсликано во извештајот кој што го добивме во извештајот на Европската комисија.

Во името на таа конструктивност еве и сега изјавувам дека ќе се обидам моите дискусии да бидат крајно концизни, да се однесуваат на темата. Еден од претходните колеги кој што дискутираше од оваа говорница иако апелираше на тоа да се задржиме на темата и тој направи неколку дигресии кои што беа далеку од она што беше на дневен ред споменувајќи ги стечајците, па тешката економска ситуација. Ја презеде одговорноста за забавувањето на економскиот развој врз Парламентот, а јас би апелирала до сите нас да се обидеме да го вратиме дигнитетот на Парламентот, да дебатираме за темите кои се на дневен ред и секако да дадеме придонес за подобрување на законите, за поквалитетни закони, закони кои што ќе можат во целост да се имплементираат.

Во таа насока почитувани колеги пратеници би сакала да кажам дека овој закон што денеска се наоѓа пред нас можевме да поминеме и без него, да бидам искрена затоа што Комитетот за меѓуетнички односи е уставна категорија и во целост на неговата работа и надлежности се регулирани во амандманот 12 кој што е еден од амандманите кој што произлезе од Охридскиот рамковен договор.

Дефатко ова што го имаме пред нас е само препишан амандманот 12 со некои мали технички дополнувања, а и верувам и дека ќе го немавме ако не се случеа некои непотребни авантури на парламентарното мнозинство, како што беше она што почитуваната колешка пратеничка која на почетокот при поднесување на листата за кандидати за пратеници својата национална припадност ја определи како македонка, за потоа при верификацијата на мандатот да се предомисли и се изјасни за нешто сосема друго, се со една единствена цел да се постигне Бадинтеровото мнозинство и на некој начин да се изигра мултиетничноста на Комитетот која што е основен предуслов уставен принцип за неговото формирање. Но, и тоа се случи и мислам дека уште подрастично беше одлуката која што овој Комитет ја донесе за еден закон кој што беше донесен според Бадинтеровото мнозинство за дополнување и измени на истиот закон, овој пат да не се гласа по Бадинер, туку да се гласа сосема поинаку, односно без потребното Бадинтерово мнозинство.

Овие две, како што ги нареков непотребни работи доведоа денеска, прв ден чина, ако се земе оној од 18-ти октомври кога беше тема на дискусија втор пат дебатираме за овој закон за Комитетот за односи меѓу заедниците и она што го искажа значи дека нема некоја потреба, но во ред прд нас е и треба да го донесеме тој закон.

Јас имам поднесено амандмани, кога ќе дојде ред по амандманите ќе го искажам своето мислење и во голема мера од тоа ќе зависи и ставот околу гласањето на ЛДП.

Почитувани колеги, мислам дека тие амандмани ќе бидат прифатнеи од почитуваниот министер, затоа што никој случај не прават нешто лошо, туку го подобруваат и еден од нив го усогласува самиот предлог на закон.

Имено, во членот 6 предлагам каде што ссе избира претседател на Комитетот, значи претседателот да има ротирачки мандат. Со тоа ќе може да се отслика и мултиетничноста на овој Комитет, со тоа што не би се случило во целокупниот четири годишен мандат да се дава само еден претседател од една етничка заедница, туку ќе се даде можност со Комитетот да водат претседатели од празни етнички заедници, вклучувајќи ги тука и претставниците на Македонската, Албанската, Турската заедница, Ромите, Бошњаците итн. Значи, сите оние кои што партиципираат во, Власите не ги споменав, кои што партиципираат во Комитетот.

Не гледам ништо лошо во тоа, напротив реков дека ќе се отслика мултиетничноста на нашето општество и очекувам дека министерот ќе го прифати тоа.

Уште една суштинска забелешка имам околу членот 8 каде што се вели, каде што седницата на Комитетот може да се свика по барање на претседателот на Владата.

Почитувани колеги доколку овој амандман не биде прифатен од министерот, очекувам вие да

гласате за него, затоа што верувајте дека ова е само еден можеби мал, но значаен чекор да почнеме да ја враќаме уставната определба на Собранието што ја има. Не може претседателот на Владата да биде тој по чие што барање ќе се свика било кое собраниско тело.

Доколку претседателот на Влдата почувствува потреба да заседава, оцени потреба да заседава некое собраниско тело, вклучувајќи го и Комитетот може да се обрати до претседателот на Собранието и претседателот на Собранието е тој кој што ќе му сугерира не претседателот на работното тело, или во случајот на претседателот на Комитетот да го свика Комитетот кој што ќе дебатира по точката на дневен ред која што ќе биде предложена од Владата.

Ве молам, почитувани колеги со ништо, со ништо не се загрозува дигнитетот на Владата и премиерот. Со ништо нема да му го намали рејтингот на премиерот, не стравувајте од тоа, но обидете се да го вратиме дигнитетот кој што треба да го има ова Собрание и кое што според Уставот му припаѓа.

Се додека не почнеме да ги правиме тие чекори ќе ни се случуваат онакви работи како што вчера се случија, едни да договараме, друго да излезе во медиумите и само неколку пратеници, јас за жал не ги гледам сега, за еден од колегите ни е јасно, неговото работно време, започнува во 17,30 часот и затоа не е тука, но другите колеги од првиот ред од ВМРО ДПМНЕ по нивно барање да се спроведува нешто што е надвор од одлуките кои што ги донела една комисија, или што ги донело едно Собрание. Јас знам дека тие се загрижени за нивниот понатамошен опстанок, но, тоа ќе го говориме на Комисијата како пртеници и сега повторно нашиот синдром сакаат да го напрват раздорот помеѓу пратениците од Скопје и пратениците од внатрешноста, но ова реков не е тема. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам госпоѓа Роза сепак да се држиме за темата.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван претседателе вие и еден од претходните дискутанти кога говореше за други проблеми како треба да функционира Парламентот, Деловникот итн.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е се во ред, само ве самолив.

**Роза Топузова Каревска:** Јас би сакала апропо темата да кажам дека треба да го вратиме дигнитетот на Собранието за да не ми се случуваат вакви работи.

**Љубиша Георгиевски:** Да, се согласувам наполно.

**Роза Топузова Каревска:** Затоа ги замолувам колегите пратеници, пак ќе ги повикам кога ќе биде амандманот да го гласаат овој амандман. Реков дека вие сте тој кој што можете како претседател на Собранието, Владата да се обрати до вас и да сугерирате на претседателот на некое работно тело, односно и Комитетот да постави одредена точка на дневен ред доколу навистина Владата вклучувајќи го и премиерот ценат дека за тоа треба да дебатира Комитетот. Но, не може почитуван претседателе и вам ви се обраќам по барање на претседателот на Владата да се свикува било кое работно тело во Собранието.

Погледнете го членот во Уставот кој што говори дека Владата е подредена на Парламентот, Парламентот е тој што ја избира Владата, а пратениците се избрани од народот. Дајте да го повратиме дигнитетот на пратениците и со тоа и на граѓаните да им ја вратиме сигурноста дека тие се тие што одлучуваат кој овде да ги претставува.

Во таа насока е мојата забелешка и затоа простете, навистина направив дигресија, но еве се враќам на темата.

Третиот мој амандман се однесува на преодните и завршните одредби каде што се регулира, со членот 14 вели со денот на влегување во сила на овој Комитет избран пред денот на влегување во сила на овој закон продолжува со работа согласно со овој закон. Потоа вели дека при изборот на новиот Комитет во овој мандат, значи во предвид за припадноста на пратеникот на одредена заедница ќе се зема изјавата дадена при верификација на мандатот на пратеник.

Ако го погледнеме членот 5 ќе видиме дека тука станува збор за нешто сосема друго односно во ставот 2 вели дека при основање на Комитетот за утврдување на припадноста на пратеникот на одредена заедница се зема во предвид неговата изјава дадена при поднесување на листата на кандидати за пратеници на Државната изборна комисија. Не може членот 5 од еден исти закон да не биде почитувани колеги во согласност со членот 14. Очекувам само да бидеме доследни кога ќе гласаме за нешто и самите да кажеме дека она што е предвидено во еден член од Законот не може веднаш понатаму, по десетина члена да се каже нешто сосема спротивно. Во тоа апсолутно не гледам ништо лошо.

Еве, тука јас ќе завршам со мојата дискусија и очекувам дека едниот амандман ќе биде прифатен од самиот министер а вториот претставува еден чекор за враќање на уставната определба што ја има Собранието и дигнитетот, ќе имаат доблест пратениците од парламентарното мнозинство да дадат поддршка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Топузова јас ја почитувам вашата дискусија, немојте да ме разберете погрешно. Се што кажавте беше на место но вие почнавте амандманска расправа а сега сме сеуште во општа расправа. Тоа ќе го кажевте и во амандманската расправа, исто е само да не ми замерат после луѓето, затоа што вашата дискусија беше на место како амандманска расправа, а сега сме во фаза на општа расправа.

**Роза Топузова Каревска:** Да. Претседателе јас сосема ја искажав и потребата за донесување на

овој закон. Во првиот дел говорев и сметав дека овие суштински забелешки има потреба да ги искажам од оваа говорница. Вие сте тука да ме корегирате, ќе го имам ова во предвид во понатамошните мои обраќања.

**Љубиша Георгиевски:** Нема проблем. Дискусијата си е апсолутно на место, само временски е предефинирана на друг начин.

Госпоѓа Селиу Селвие и господин Хани Тахир се нови имиња. Вие за реплика сте, или за збор.

(За збор)

Господине Незири имате збор, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам.

Почитувани колеги пратеници поодамна нашата парламентарна група, исто така и граѓаните на Република Македонија со нетрпение очекуваме да дојде до израз односно да дојде на дневен ред многу очекуваните точки од мајскиот договор или од договорот Ахмети и Груевски во насока на зокружување на едно прашање кое што претходно политички сме се договориле за една подобра иднина, за една подобра перспектива на сите граѓани на Република Македонија. Исто така и за перспективата и иднината на нашата држава како Република Македонија. Значи оваа иницијатива е за поздравување и треба да имаме сериозен пристап околу овој Предлог на закон за Комитетот за односи меѓу заедниците при Собранието на Република Македонија.

Овде се уредуваат прашања во однос на меѓуетничките односи внатре во Собранието и еднаш за секогаш се решава со закон како правен акт, акт кон кој што сите граѓани исто така и легислативата и извршната власт која што треба со должна почит да изразат почит кон истото. Не случајно нашата парламентарна група и нашата политичка опција долг временски период имаа пристап кон ова, уште 2006 година после парламентарните избори за неколку прашања кои што се во однос на меѓуетничките односи со меѓусебните општествени и политички односи во Република Македонија. Еднаш за секогаш да седнеме да дискутираме, да анализираме, да се донесат одлуки, да се заземат ставови, политички, за иднината, за доброто на граѓаните на Република Македонија.

Демократската унија за интеграција и нашата парламентарна група како што знаете и вие како што знае и пошироката јавност во Република Македонија во недостаток или во отсуство на имање на слух и на меѓусебна почит и во недостаток на нашите нелегитимни законски и уставни барања, нашата парламентарна група како што вие сте запознаени, знае и пошироката јавност на Република Македонија, бевме принудени да го искористиме демократскиот механизам за напуштање на работата на Парламентот на Република Македонија, во временски период од 4 месеци. Не дека ние сакавме да направиме такво нешто, не дека нас некој ни наметна таква политика, нас ни се наметна тоа од политичките односи во Република Македонија со која владее Никола Груевски, со тоа што не деградираше и спрема нас се однесуваше како граѓани од втор ред во Република Македонија. Како резултат на тој бојкот на работата на Парламентот и како резултат на едно само освестување на парламентарно мнозинство и на оваа Влада, нормално, дојдовме до еден политички консензус што на 29 мај оваа година се дојде до еден став односно одлука, од повеќе точки да се дискутира и за оваа точка што денес е на дневен ред. Тоа е основање на Комитет за односи меѓу заедниците како законска основа.

Јас ќе направам преглед на неколку членови од овој Предлог закон со кој се елиминира нешто што досега не било елиминирано, злоупотребите, шпекулирањата, играњето со националните чувства, или пак злоупотреба на националните чувства. Како што знаете ние сме законодавна власт и знаеме дека со меѓународните конвенции за заштита на правата на човекот, никој не смее некому да му наметне чувство како тој да се нарекува и како тој да се чувствува од национален аспект. Некој кажа дека тоа не било шпекулација или пак злоупотреба на некое национално чувство. Не случајно како точка или основна клаузула во овој Предлог закон, со еден посебен член од законот се уредува тоа каде се предвидува во текот на кандидирањето на секој кандидат, на листата за пратеници, да го изрази неговото национално чувство, да не се дојде до тоа да се повтори истиот аршин за конвергирање или за менување на било кој тука, за минормни дневно политички прашања или пак барања. Тоа доведе до нарушување на кредибилитетот, на авторитетот на Собранието на Република Македонија како орган каде сите сме претставници на народот, претставници на граѓаните на Република Македонија и верувајте, почитувани колеги, доколку отидеме во средини каде што се нашите граѓани, без оглед на нивната етничка припадност, сите ние сме исмејувани, дистанцирани од граѓаните затоа што водиме смешна политика во Собранието на Република Македонија, како резултат на едно недоразбирање, можеби и како глуво уво, можеби на парламентарното мнозинство кое често пати, легитимните барања од било која парламентарна група во Собранието на Република Македонија често пати не сме биле слушнати или биле глуви кон тие барања.

Во овој контекст, се поставува прашање со што би се дефинирала позицијата на пратеникот во Собранието на Република Македонија, како се дефинирани нашите позиции во однос на тоа, пред овој закон и сега со предлагањето на овој Предлог закон. Секогаш ние треба, како законодавен дом, да имаме предвид, издигнувајќи го кредибилитетот на Собранието дека ќе го издигнеме и нашиот сопствен кредибилитет, а со издигнувањето на нашиот кредибилитет дефакто и дејуре сме го издигнале и кредибилитетот на граѓаните на Република Македонија.

Со член 9 правно се уредуваат меѓуетнички прашања. Во рамките на Парламентот на

Република Македонија пратениците би ги дискутирале овие прашања за донесувањето на законите кои ги третираат меѓуетничките односи, што според мене е добра работа, остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото, остварување на правото на настава на јазикот на заедниците и остварување на правото на изградување на идентитетот и особеностите на заедниците. Да даде Господ еднаш за секогаш, сите ние присутни пратеници во Парламентот на Република Македонија, посебно на парламентарното мнозинство, не само во овој состав туку говорам и за идните парламентарни состави во Македонија, овде, овие клаузули, овој член, алинеите од овој член секогаш да се почитуваат така како што треба затоа што, верувајте, од 17 годишната практиката на плурализмот во Република Македонија, многу закони и одлуки сме донесувале, меѓутоа голем дел од истите воопшто не се почитуваат, речиси ништо не се почитува, што значи, да не користам сега некоја тешка терминологија, од овој аспект малку сум и скептичен.

Според членот 10-А, амандман предложен како составен дел на Предлог законот, од страна на Владата, се предвидува законите што се во однос на етничките прашања, меѓутоа извираат од еден политички договор Ахмети - Груевски. Од тие 46 закони, 45 закони кои ќе се гласаат со двојно мнозинство, или поинаку наречено Бадинтерово мнозинство, мислам дека тоа е добра и позитивна компонента. Меѓутоа, кој и каде е обидот, сега ќе образложам, затоа што ние добро знаеме што е политичкиот договор. Тие се добро наброени, напишани на еден разбирлив јазик, на македонски јазик, на албански и на англиски јазик, дека се работи за 46 закони. Сњкогаш се оди кон таа варијанта на парламентарното мнозинство дека за нив е сватливо и разбирливо што не се работи за една донесена листа, како што е на пример употребата на јазикот, или пак на јазиците во Република Македонија, туку повторно, мислам дека поголемата политичка одговорност секогаш, без оглед за какви прашања се работи во иднина, вообичаено одговорноста ја има таа група на пратеници или пак таа политичка партија на која граѓаните ја дале најголемата доверба и одговорноста, се разбира, е на парламентарното мнозинство во Парламентот на Република Македонија.

Мислам дека треба меѓу себе да се разбереме и треба да ги разгледаме прашањата со студени глави, со едно меѓусебно разбирање. Тоа што се однесува до јазикот да им биде дадено на знаење на сите колеги пратеници, на сите граѓани, на сите оние кои се носители на државни функции, дека бегање од ова прашање нема. Можеби има задоцнување, меѓутоа спас не, што значи дека треба да се посвети значење и тоа колку што е можно побрзо, итно, на прашањето на употребата на јазиците, закон кој треба да се донесе колку што е можно побрзо во уредна парламентарна процедура и еднаш засекогаш тоа прашање да се затвори. Јас мислам дека ова прашање е многу чувствително за граѓаните Албанци како државјани на Република Македонија, тоа посебно го нагласувам. Се говори за една етничка заедница која себе си се чувствува поинаку од другите, меѓутоа сепак се државјани на Република Македонија и само по себе, институционално, Република Македонија, Владата на Република Македонија и соодветните институции имаат приоритетна задача или законски уставна обврска да го решат прашањето во рамките на институциите, не само за јазикот, не само за етничката заедница на Албанците во Република Македонија, јас мислам за сите граѓани во Република Македонија кои имаат потреба за унапредување на нивните етнички права. Тоа треба да се има предвид од страна на институциите на државата, бидејќи како што често пати сме се изјаснувале, во Република Македонија граѓаните Албанци земјата ја чувствуваат како своја држава. Затоа основна обврска на државата е секогаш да ја има предвид оваа компонента.

Мислам дека секое игнорирање, индивидуално или пак колективно, политичко или не политичко, на секоја структура во Република Македонија околу ова прашање, почитувани колеги може да има и свои реперкусии. Но, далеку од тоа, мислам дека сите претставници во Парламентот веќе се освестени за досегашната погрешна политика, посебно на парламентарното мнозинство, меѓутоа исто така се свесни и за погрешните чекори што досега ги преземало парламентарното мнозинство и да даде Господ еднаш засекогаш да се освестиме и да преземеме конкретни чекори без да се навраќаме назад кон минатото како што се случувало и се случува.

Се поставува едно друго прашање, до кога ние како граѓани на Република Македонија и како државјани на оваа земја и како претставници на политичките партии и непосредно како претставници на народот, граѓаните на Република Македонија во оваа земја некој нас ќе ни диктира политика за тоа како треба да се владее во оваа земја. Се додека ние самите не сме освестени во оваа насока, за националното и државното прашање, затоа што националното прашање на ниво на државата, почитувани колеги тоа се прашањата и на етничките заедници, без оглед за која етничка заедница се говори, дали македонска, албанска, турска, српска, влашка, бошњачка и други што не ги спомнав, меѓутоа тоа е интерес и одговорност на државата. Не случајно велам дека е државна одговорност.

До сега, како што кажав и порано, погрешните чекори што ги презеде парламентарното мнозинство, меѓутоа исто така и чекорите кои ги презема Владата до сега и игнорирањето што се правело од страна на парламентарното мнозинство и Владата, во правец на добрите совети за доброто на државата, за доброто на граѓаните на Република Македонија, советите, сугестиите и забелешките посебно од страна на меѓународните претставници во Република Македонија, како што е Европската унија и НАТО,

до сега ние сме ги отфрлале како такви, сигурно поради националистичкото чувство што го има една етничка групација кон друга и сега кога политичката позиција ни е многу стеснета, постепено сме почнале да се освестуваме, меѓутоа да даде Господ ова освестување да не биде задоцнето. Се додека има луѓе од различни политички структури во Република Македонија кои сакаат и знаат да размислуваат малку поинаку отколку што размислувале досега и нивните истомисленици, јас мислам дека во Република Македонија многу брзо ќе ја извадиме земјата од оваа ситуација.

Господине министер, почитувани колеги, доколку ние сакаме Република Македонија да ја гледаме во една подобра и поголема перспектива, се додека ние сакаме и имаме политичка државна и национална одговорност Република Македонија колку што е можно побрзо да ја видиме во НАТО структурите, што е можно побрзо да се дојде до добивање на датумот за преговори за да се соединиме кон големото европско семејство, јас мислам дека сите тие перипетии, сите недоразбирања меѓу себе треба да ги решиме еднаш засекогаш. Меѓутоа, имајте предвид дека сите тие политички договори што сме ги имале досега треба да седнеме како зрели и сериозни луѓе да разговараме, да ги решиме тие прашања за кои сме се договориле и да дојдеме до она што е најдобро за граѓаните на Република Македонија, да ги оставиме на страна персоналната нарцисоидност на некои, да ги оставиме настрана персоналните, групните и политички интереси и да го видиме општиот интерес на граѓаните на Република Македонија и интересот на Република Македонија во целост. Јас верувам дека треба да се решат овие прашања колку што е можно побрзо и нормално е добра иницијатива со тоа што веќе почнува да се реализира еден политички договор што е една од основните точки, се подразбира значи, Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика за господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам претседателе.

Претходниот дискутант внимателно го сослушав.

Мислам дека политиката или пристапот во однос на законот за јазиците не бара космополитизам или многу зборување за да се договориме дека треба да имаме закон за јазиците. Тоа сме го направиле со Охридскиот рамковен договор кој се потпиша во 2001 година. Јас мислам дека попусто е да се говори дека сме се договориле вака или не сме се договориле. Ако сте се договориле тогаш треба да излезете со еден нацрт и да кажете за што сте се договориле, а дека треба да имаме закон за јазици, најдобро за тоа говори Рамковниот договор, договор кој е признаен од меѓународниот фактор, но и од сите политички субјекти во Република Македонија.

Второ, субјектот кој застапува господинот Сафет Незири знае дека преседанот тој го направи и со законот за јазици и Законот за патни исправи. Токму тие донесоа еден закон кој закон е во спротивност со Охридскиот договор, за што сме се договориле да имаме закон за употребата на јазиците кој ќе биде заснован на Уставот употреблив за сите граѓани и со тоа Албанците ќе го имаат во употреба својот јазик еднаш за секогаш.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Савет Незири, вашата минута, претполагам, контра реплика.

**Сафет Незири:** Господине Ружди јас имам смелост да ви излезам пред очи, а вие немавте смелост тоа да го напрвите. Значи, Охридскиот договор многу добро се знае што е. Доколку ние сме настојувале нешто да направиме, вие тоа и го направивте. Вие сте над 15 месеци власт и ниту еднаш не видовте за упатно да донесете нацрт за употребата на албанскиот јазик, што е голема слабост за вас, а кажувате дека сте учествувале во Владата и дека имате своја платформа, меѓутоа немате. Тоа е прво.

Како второ, донесен е Законот за патните исправи, повелете во власт сте зошто не предложите предлог измена на Законот за патните исправи и тогаш вие ќе го измените и ќе го уредите прашањето на патните исправи. Зошто сега вашата вина што ништо не правите ни ја фрлате нас. Вие сте во власт, повелете предложете нацрт, што и да е предлог-закон, предлог-измена и уредете го ова прашање. Ние сме во опозиција, имаме обврска да ги кажеме сите недостатоци и перипети кои што постојат сега засега. Вие имате поголема политичка одговорност. Повелете. реализирајте тоа што мислите дека можете да направите. Меѓутоа, ми се чини дека немате сила, ниту капацитет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Сега, збор има Трајко Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе.

На денешнава седница имаме еден значаен закон, закон кој што го регулира Комитетот за односи меѓу заедниците.

Пред да се осврнам на одредени одредби кои што се регулирани во самиот закон за Комитетот за односи меѓу заедниците, би дал еден хронолошки настан за доаѓање во ситуација при носењето на ваков закон.

Како прво, уставен основ во однос на Комитетот за односи меѓу заедниците како институција, како едно значајно тело во Собранието произлегува од уставниот амандман 12, кој е донесен во 2001 година со уставните амандмани. Врз основа на тој уставен амандман 12 се укина членот 78 од Уставот на Република Македонија и што претходно Собранието основаше Совет за меѓунационални односи. По барањето на тогашните преговарачи во однос на Рамковниот договор и уставните амандмани, нивното мислење беше дека Советот за меѓунационални односи има советодавна функција и сакаат да го издигнат на ниво на Комитет за односи меѓу заедниците, кој што ќе има одредена улога во самото Собрание, не само давањето на совет по

однос на одредени прашања, туку еден вид и носење на одлуки кои што ќе имаат одреден обврзувачки карактер во Собранието. Влегувајќи во пресрет на тие барања се донесе амандманот 12 со кои што Собранието основа Комитет за односи меѓу заедниците. Врз основа на тој уставен амандман Собранието на Република Македонија, по мене, направи една грешка со вакво значајно тело, го основал врз основа на одлука на Собранието. Тогашниот парламентарен состав наместо да се сети и да донесе закон како што е сега предложен во овој парламентарен состав, значењето на ваков битен Комитет на односи меѓу заедниците го основал врз основа на една одлука во Собранието. Тоа го има направено на 12 ноември 2002 година, со која одлука во членот 1 се укажува што е значењето на таа одлука. Со оваа одлука да се основа Комитет за односи меѓу заедниците и се утврдува бројот на членовите и неговата надлежност. Толку е значењето и опфатот на оваа одлука. Но, многу е битно да се укаже хронологијата, за да се дојде до значењето на битен закон кој што се носи во Собранието. Врз основа на таа одлука за основање на Комитет за односи меѓу заедниците, овој парламентарен состав во 2006 година формираше Комитет за односи меѓу заедниците, при што водејќи сметка за соодветна и пропорционална застапеност меѓу пратеничките групи бројчани, кои што треба да бидат застапени и во самиот Комитет. Притоа, соодветно на бројот на пратениците кои што имаат пратеничките групи, беа соодветно застапени и во персоналниот состав на сегашниот Комитет за односи меѓу заедниците. Но, за жал, кому му требаше одредени ситуации во кои што започнувајќи со една негирачка критизерска политика на се што се случува во Собранието, за да се доведеме во оваа ситуација која што на крај ќе се каже дека е лоша состојбата од страна на одредени пратенички групи, координирани по мене, претходно меѓу пратеничките групи и од опозицијата, го негираа персоналниот состав на Комитетот за односи меѓу заедниците, без никакви основи во однос на тој персонален состав. На тој начин, создавајќи едно, по нив, почва за негирање на се што се носи во Собранието на Република Македонија. Врз основа на таа негирачка политика, со која што се негираше нормално составениот и со соодветни бројки на пратеничките групи персоналниот состав на Комитетот за односи меѓу заедниците, се доведе во една ситуација во која што персоналниот состав беше буквално од страна на сите опозициони партии блокиран односно не учествуваше во работата на тој Комитет, се доведе во една ситуација во која што при носењето на една одлука на Комитетот за односи меѓу заедниците се најде алиби за да се направи еден голем притисок дека од страна на мнозинството е негирано нешто што е согласно Уставот и согласно уставниот амандман е дадено. Тоа ни најмалку не била задачата на парламентарното мнозинство, затоа што основната цел на парламентарното мнозинство е за функционирање на парламентарниот состав, носењето на одлуки кои што ќе бидат за добробит на сите граѓани во Република Македонија. За да се избегне таа негирачка политика, да се избегнат сите адути, добро е што Владата предложи закон за Комитет за односи меѓу заедниците, со кој што се избриша односно се укинува одлуката, значи го издигнува значењето на Комитетот за односи меѓу заедниците од формирање со одлука до формирање со закон за Комитет за односи меѓу заедниците. Притоа, многу прашања кои што лебдеа во функционирањето на Комитетот за односи меѓу заедниците сега се нормативно регулирани без да се даде можност на одредени пратеници или пратенички групи да има искривено толкување на одредена фактичка состојба.

Со овој закон за Комитетот за односи меѓу заедниците се уредуваат многу работи. Прво, се уредува начинот, условите, тоа се е кажано во првиот член од законот, се уредува основањето на Комитетот за односи меѓу заедниците, начинот, условите, постапката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците, надлежноста, начинот на работа, донесувањето на одлуки и други прашања во врска со работата на Комитетот. Сите овие работи што ги спомнав, освен за надлежноста која што беше регулирана со одлуката за основање на Комитетот, другите не беа регулирани и немаа нормативна одредба со која што се уредуваа сите прашања кои што беа предмет на одредено препукување на одредени пратенички групи, на одредени пратеници. Добро е што по носењето на овој закон таа норма ќе го регулира и ќе ги даде сите постапки кои што треба во Собранието на Република Македонија по однос на надлежноста да се применуваат.

Би го истакнал членот 3, каде што се укажува дека начинот на избори и разрешување на членовите на Комитетот за односи меѓу заедниците, значи на чиј предлог која комисија е надлежна да го предложи до Собранието тој персонален состав. Исто така, во ставот 5 е кажано по чиј предлог и на кој начин може одреден член да биде разрешен од самото членство на Комитетот за односи меѓу заедниците. Затоа што, никаде претходно не фигурираше дека може координатор на рпатеничка група во име на пратениците, во нивно име да даде оставка, која што претходно одредени пратеници, координатори тоа го правеа, без никаква подлогxа во некоја законска норма. И, добро е што на овој начин е регулирано и се знае надлежноста на одреден член дека може да биде разрешен ако тој сам поднесе оставка или по предлог на политичка партија чиј член е и од кого е предложен при неговиот избор за пратеник односно избран. Значи, се дава законска основа на нешто што претходно некој сакаше да го направи во однос на разрешување на одредени членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Исто така, по мене е многу значајно да се осврнеме на членот 5 во однос на припадноста на одредена етничка заедница и кога се знае

критичниот момент во однос на неговата припадност да може да биде земен предвид при составот на Комитетот за односи меѓу заедниците. Притоа, во секој случај, тоа не смееме да го избегнеме од вид, членот 8 од Уставот на Република Македонија, темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија во алинеја 2, каде што се кажува слободно изразување на националната припадност. Значи, на никому не му е скратено правото на слободно изразување на националната припадност, но сепак се знае тој критичен момент за да може да се земе предвид при составот на персоналниот состав на Комитетот за односи меѓу заедниците. Притоа, исто така, битен е членот 8 во кој што се разработува кој ја свикува, кој ги раководи седниците на Комитетот за односи меѓу заедниците во случај на отсутност или спреченост на претседателот дека го заменува заменикот на претседателот на Комитетот во сегашниов состав нема заменик претседател, туку има само претседател. Како и сите други работи кои што се сврзани во однос на функционирањето, одржувањето на седниците на Комитетот за односи меѓу заедниците. Притоа, по мене, од големо значење е исто така членот 9, каде што е одредена надлежноста на Комитетот за односи меу заедниците при што треба да се земат предвид сите алинеи кои се битни за самиот Комитет. Значи, самиот Комитет не треба да се сведе на одлучувањето во однос на употребата двојното гласање за одреден закон, туку и Комитетот да ги преземе сите одредени надлежности кои му се дадени со членот 9 од законот за Комитетот за односи меѓу Заедниците. Другите се членови кои се од технички карактер, но еден е членот 11 битен во кој што се кажува дека Комитетот не може да одлучува за спроведување на постапка за гласање на Собранието за закони за кои е утврден начинот на нивното донесување, ниту за закони со кои се изменуваат и дополнуваат законите за кои е утврден начинот на нивното донесување. Значи, се става законска рамка при што се утврдува дека без оглед на промената на одреден персонален состав на Комитетот, не може да се осврне за веќе донесени одлуки по одредени закони од претходниот Комитет.

Затоа, сакав да укажам дека сите овие прашања што се регулирани согласно законот за Комитетот за односи меѓу заедниците ги регулираше оние чувствителни прашања, кои што одредени пратеници и пратенички групи го напаѓаа начинот на функционирање на овој парламентарен состав, начинот на функционирање на Комитетот, без тоа да има никаков законски основ или подлога во одлуката во однос на овие прашања.

До колку од страна на претходниот парламентарен состав сите овие прашања ако не беа со закон регулирани, барем да беа внесени во самата одлука при основањето на Комитетот за односи меѓу заедниците, многу прашања кои што се сметаа дека се недобри од страна на овој парламентарен состав решени, ќе имаа законска основа односно основа во самата одлука. Вака, при различно толкување се доведе во еден, по мене, непотребен и незначаен проблем, кој што некој го издигна на ниво кое што е суштинско и големо е значењето за Република Македонија. Сметам дека после носењето на овој закон за Комитетот за односи меѓу заедниците одредени работи кои што ги имаа одредени пратенички групи, одредени пратеници, се создаде клима на доверба во однос на функционирањето, како на овој парламентарен состав, така и во однос на функционирањето на самиот Комитет и ќе работи овој Комитет во полн состав, при што секој член на Комитетот ќе може да го искаже своето мислење, а не амблок да го негира самиот персонален состав и самиот Комитет за односи меѓу заедниците. Јас сакам да кажам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи овој Предлог за донесување закон за Комитет за односи меѓу заедниците, со Предлог на закон, сметајќи дека многу нерешени прашања кои што непотребно се издигнаа на ниво на проблеми, на овој начин ќе се тргнат од дневниот ред и ние ќе можеме како парламентарен состав да се насочиме кон суштински значајни прашања и за Парламентот и за политичкиот живот, а најбитно за граѓаните на Република Македонија за носењето на закони со што ќе се подобри економскиот живот на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Роза Топузова Каревска има реплика.

Сега, ќе го направиме редоследот, при што прв е Сафет Незири, па потоа госпоѓа Роза.

(Госдподинот Незири и дава предност на Роза).

Многу убав гест.

Повелете госпоѓо Роза.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, му благодарам и на колегата што ми го отстапи неговиот ред, почитувани колеги пратеници, почитуван колега Трајко Вељановски.

И овој пат во стилот на вашиот претседател на партијата, се што е добро во државата е заслуга на Владата, се што е лошо е заслуга што се случува в државата на Парламентот, поготово на опозицијата и вие исто така се обидовте да побарате за се што е лошо што се случуваше во врска со овој Комитет, алиби во претходниот состав на Парламентот. Меѓутоа, морам да ви кажам дека во претходниот состав на Парламентот овој Комитет функционираше и не се наиде на проблеми како што се случија во овој парламентарен состав, што резултираше со напуштање на Парламентот на пратеничката група на коалицијата ДУИ-ПДП. И, токму поради тоа сакам да ви укажам дека не бевте во право односно самиот се негиравте кога говоревте околу членот 5, јас се согласувам со вас дека оа е добро решение, кое што го имаме во членот 5 и тука имате апсолутна поддршка и се надевам токму поради тоа што и вие сметате дека е добро, ќе го прифатите амандманот кој што го имам на член

14, за да не дојде законот во два различни членови да се негира самиот себе си односно членот 14 да го негира членот 5.

Значи и вие се изјаснивте дека е добро и со ништо нема да се коси со уставната определба од членот 8, каде што вели во алинејата 3, слободно изразување на националната припадност, но почитуван колега Трајко Вељановски, нема алинеја која што вели дека таа слободно изразена воља на националната припадност треба да се менува по потребите на политичките партии, кога ќе сакаат да изиграат еден уставен принцип, како што е Бадинтеровото гласање и не можам навистина, а да не ви ставам забелешка и да се изначудам, кога кажавте дека членот 8 е добар и дека по барање на претседателот на Владата на Република Македонија може да се свикува било кое собраниско тело, па дури и ова, Комитетот за меѓуетнички односи.

Се надевам дека ќе го ревидирате овој став и кога ќе дојде ред да дебатирам по амандманот ќе имам доволно аргументи да ве убедам дека ова не е добро решение за дигнитетот на Парламентот и за неговата уставна определба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Трајко Вељановски контра реплика, вашата минута, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе, госпоѓа Роза Топузова Каревска не знам во што најде спротивност на моето кажување. Јас само кажав дека хронолошки ќе ја прикажам ситуацијата од 2002, односно почнувајќи од 2001 година, до ден денес. Ништо не кажав ни една невистина. Ако кажав невистина, нека излезеше и нека кажеше, затоа штоовој Комитет е составен врз основа на одлука за основање на Комитетот.

Инаку, во однос на член 8, јас кажав дека се однесува на темелните вредности на уставниот поредок за алинеја 2, каде што е слободно изразување на темелната припадност. Таа е една темелна вредност, која не смееме и не можеме да ја негираме и затоа кажав дека е добро што е најден еден критичен момент во однос на изјаснувањето за етничка припадност на одреден пратеник, да може да биде во функција на формирањето на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Во тоа беше моето искажување по однос на членот 8 од Уставот на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има реплика господин Сафет Незир три минути, повелете.

**Сафет Незири:** Колега Вељановски на моето излагање јас бев многу внимателен, на моите зборови и на моите искажувања и воопшто јас не навлегував во тоа дали ние сме го кочеле Комитетот, дали ние воопшто сме учествувале во Комитетот , или не сме учествувале и зато јас очекувам од ваша страна и вие да бидете внимателни при вашето изјаснување, односно кажување на некои работи, кои што навистина требаше да се избегнуваат. Но сепак, јас ќе го кажам ова. Мошне добро знаеме, а и јавноста знае како опозициона политичка партија која што не учествуваше во работата на Комитетот за меѓуетнички односи, беше Демократската унија за интеграција, поради сомнежот на тоа што навистина, со еден политички чекор, која што го презеде ВМРО-ДПМНЕ и парламентарното мнозинство, кое што до дадениот момент немаше ни јавно ни тајно кажано дека во составот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека има и припадници од влашката припадност, што за жал не сакам да го кажам името, поради нејзиното право, како таа треба да се изјаснува, но сепак, мислам дека ние побаравме уште тогаш да ни биде укажано, да ни се даде аргумет и факт, дека при составувањето н алистите за предизборието на кандидатите за можни пратеници, да се види дали пратеничката која што се изјаснувала како Влаинка, дали навистина во дадениот момент се изјаснувала како Влаинка или како Македонка.

Како резултат на тоа дека вие имавте потреба од пратеник од Бадентер и зато амислам дека се направи таа конверзација што ние фактички не бевме толку сигурни дека се манипулира со некој пратеник во дадениот момент. Затоа ние мислиме дека членот 5 ги елиминира сите ваши сомневања. Не случајно е внесен членот 5, каде што вели алинеја 1, при поднесувањето на листата на кандидати за пратеници, кандидатот за пратеник доставува до Државната изборна комисија изјава за припадност на одредена заедница. Тоа е што треба да биде, а така било и порано, но не било регулирано со член и со посебен закон и т.н. Мислам злоупотребата што беше направена, условно кажано од ваша страна. Тоа излезе на површина и затоа ние не учествуваме во работата на Комитетот за меѓуетнички односи и затоа беше и самата цел да биде во законот одредбата дадена онака како што треба за да се регулираат некои односи во овој Комитет и за некои други работи. Затоа мислам дека не би требало вие Вељановски да навлегувате во некои работи во кој јас воопштоне навлегував, а можеби требаше и јас да навлегувам во оваа тема. Но, вие го направивте погрешниот чекор, тоа е мое мислење.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Вељановски, една минута контра реплика.

**Трајко Вељановски:** Не знам зошто хронологијата на настаните од 2001 година до денес некој смета дека не треба да бидат земени. Јас пред да ја кажам хронологијата се осврнав дури од 2001 година и сакав да ставам до знаење дека многу е битно формирањето на Комитетот да биде со закон, а не со одлука. Сите аспекти кои се регулирани и предложени во овој закон, кажав дека се позитивни и дека е добро што ќе има законска основа во однос на постапување на одредени пратеници или пратенички групи по однос на одредени прашања кои претходно беа предмет на одредени препукувања. Мислам дека немаше никаква смисла во друг правец туку во

позитивна насока искажувањето на хронологијата на настаните.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател,

Почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, дозволете ми и јас да го искажам моето мислење во врска со Предлогот за донесување на закон за Комитет за односи меѓу заедниците, со Предлог закон.

Уште од почеток ќе нагласам дека иако од моментот кога овој закон се внесе во дневен ред за расправа, ние не бевме присутни, но и покрај тоа мислам дека активноста на нашата пратеничка група го искажа интересот по однос на оваа точка од дневен ред.

Како што сите знаеме понудениот предлог за донесување на овој закон сака да уреди една област која до сега не беше уредена, беше уредена само со уставен амандман, додека операционализацијата на овој уставен амандман, како што е амандманот 13, не беше операционализиран.

Во оваа прилика сакам да нагласам дека многу прашања кои се уредени со уставни норми не се уредени на конкретен начин туку уставните норми, како што сите знаеме одредени прашања од разни области уредуваат на општ начин. Во оваа насока и претходно од некои колеги се нагласи дека можеби би било добро еден ваков правен акт да беше предложен уште од порано и сигурно дека преку еден закон кој би бил донесен порано ќе се уредеа и ќе се конкретизираа многу прашања чие неуредување предизвика проблеми за кои знаеме што се случи во овој парламентарен состав, значи во составот на овој орган, како што е Комитетот за односи меѓу заедниците.

Јас сакам да нагласам и нешто друго дека преку овој Предлог закон не се операционализира само амандман 13 од Уставот, туку се операционализираат и некои други амандмани како што е на пример амандманот 16, амандман 10 од Уставот и т.н. Го велам то аод причина што преку овој Предлог закон се сака да се прецизираат неколку прашања надоврзани со начинот на гласање на неколку закони што се изгласани или ќе се гласаат преку таканареченото двојно гласање или со Бадинтер.

Сите знаеме дека Комитетот, така како што е дефиниран со амандман 16, не може да се идентификува со таканаречените работни или помошни тела на Собранието. Начинот на организација и функционирање на работните тела кои ги нарекуваме парламентарни комисии се уредени со Деловникот за работа на Собранието затоа што се говори за помошни тела или комисии.

Комитетот за односи меѓу заедниците не е помошно тело, не е парламентарна комисија и пред се, како што нагласив и претходно, овој орган е уставна институција од причина што се уредува со посебен уставен амандман. Со ова сакам да подвлечам и да кажам дека предлогот за носење на овој закон и нормално во тој правец да ја образложам уставната основа врз која се заснова овој понуден предлог. Нормално, јас анализирајки го текстот и содржината на овој предлог, дојдов до констатација дека во овој текст постојат неколку законски одредби кои на еден начин овој Комитет, како псоебна уставна институција го приближува до парламентарните комисии, ми се чини дека е членот 12, не ми е текстот пред мене но мислам дека е член 12, кој говори за таканаречена можност за реализирање на помошни работи како што се собраниските служби како служби кои ќе ги реализираат потребите на Комитетот.

Во оваа прилика сакам да нагласам дека парламентарните комисии како помошни тела на Собранието на еден начин имаат услужна структура и искрено ќе ви кажам дека не е во ред собраниските служби во оваа насока, преку понудениот предлог или членот 12, ако не грешам, да им нудат помош или да бидат во служба на припадниците или на членовите на овој орган кој е наречен Комитет. Да бидам уште поконкретен, мислам дека во членот 12 предлагачот требаше да ја предвиди можноста ова е уставна институција да има и свои независни служби кои на директен начин ќе ги реализираат работите за овој Комитет.

Како што нагласив и претходно, интенцијата на предлагачот е на детален или конкретен начин да се реализира прашањето или начинот на организацијата и функционирањето на оваа уставна институција и тоа се случува. Се утврдува начинот на предлагање за членови на Комитетот, се утврдува начинот или надлежностите на овој орган, се утврдува и начинот на реализирањето на функците или вршењето на функции предвидени со овој закон. И се во ред во таа насока. Но, тоа што јас или за мене не е во ред е прашањето кое на непосреден начин е надоврзано со предложениот амандман од Владата, каде мислам дека на овој предлог, но и текстот на овој предлог за донесување на закон, му создаде можност, за да констатирам јас лично ќе оценам дека го прави противуставен целиот текст на овој закон.

Зошто го велам ова? Доколку внимателно се увиде амандмнаот 16 од Уставот, во кој меѓу другото се говори за прашања надоврзани со начинот на гласање на одредени закони, став 1, мислам законот за територијална организација и во став 2 од овој амандман се говори за 5 други закони, кои на еден начин се сметаат како системски закони. Но секогаш, велам се говори за посебни акти, правни акти или за закони. Меѓу другото е и таканаречениот закон за локални избори.

Доколку се анализира внимателно предложениот амандман од страна на Владата, ќе дојдеме до констатација дека во еден негов дел од амандманот на Владата се говори за таканречени

делови од правни акти. Се говори за дел од Изборниот законик, или да бидам уште поконкретен, се говори за таканаречените правни норми како делови од Изборниот законик, кои уредуваат прашања надоврзани со локалните избори.

Во оваа насока, доколку овој дел од овој амандман го споредиме со амандманот 16 од Уставот, ќе дојдеме до оваа констатација, или заклучок. Се додека амандманот 16 говори за правен акт, амандманот на Владата говори за дел од правен акт, или говори за правни норми, како вградени норми во самиот Изборен законик.

Мое мислење, говорам за мое лично мислење, дека овој дел е во дирекна спротивност, или во колизија една со друга, од причина што тешко е да се констатира над се и начинот на гласање со Бадентер. Како ќе се гласа делот или нормата со Бадентер, кога сите знаеме дека ние како законодавен орган гласаме правни акти.

За волја на ова, господине министер, искрено ви велам, бидејки мислам дека и вие ќе се согласите со оваа моја констатација. До колку го мислите спротивното, како правник сакам да го слушнам вашето мислење. Јас гокажав моето мислење и ценам дека е така. Друго решение нема. Затоа, би сакал за прашањето кое го нагласив, нормално, до колку преводот беше како што треба, ако не ќе бидам во состојба и на македонски да го повторам истото, а не сакам да се повторувам, би сакал за ова прашање вие да го искажете вашето мислење како претставник на едно значајно министерство.

Овде ќе завршам со тоа што го имав како излагање, со двете забелешки кои се есенцијални, суштествени. Тоа што е во однос на правната можност на создавање на службите на еден комитет како уставен институт и второ, за делот за кој ценам дека е непосредно во колизија со амандманот 16 од Уставот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Процедурално има збор пратеникот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Јас ќе барам ваше разбирање, разбирање од сите пратеници тука и од парламентарните групи, затоа што за говор се пријавени само пратеници од ДУИ, што значи ова е закон кој што е значаен за нас, меѓутоа, поради партиски активности бараме во 17,00 часот да се прекине со дебата на денешната седница, со тоа што нашите пратеници ќе се повлечат во 17,00 часот и да се затвори расправата, па тогаш да заврши седницата. Уште еднаш ќе ве молам за разбирање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Со оглед дека утре е еден важен албански празник, јас го разбирам потполно вашиот предлог и го прифаќам ако ја завршиме оваа дисплеј листа, се разбира, како што е тука.

Процедурално, повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Господине претседателе, Искрено уште еднаш ќе го поканам министерот да се елиминира дилемата за која јас излагав, имам желба да го слушнам ставот на Министерството. Искрено ви велам, бидејќи е моја оценка како што реков и сакам за ова прашање да се произнесе и министерот.

**Љубиша Георгиевски:** Министерот е тука, тој ве слушна, но за жал, не го гледам како пријавен за збор. Еве, министерот за правда сега побара збор.

**Михајло Маневски:** (без уклучен микрофон)

Јас ќе одговорам на ова прашање тогаш кога ќе оценам дека е потребно. Со оглед на законот, очигледно сега нема потреба да одговорам.

**Љубиша Георгиевски:** Го слушнавте министерот. Се разбира, тој има прво да одговори онака како што наоѓа за сходно и тука се завршуваат нашите парламентарни права. Го земаме на знаење одговорот на министерот, а сега, нека повели госпоѓа Селвие Салију.

Пред тоа, господинот Агим Рамадани, процедурално, повелете господине Рамадани вашите три минути.

**Агим Рамадани:** Почитуван претседател, никогаш не сум ја злоупотребувал говорницата, но ќе ми дозволите во име на процедурата бидејќи поинаку не можам да земам збор, а ова е за едно општо добро за кое сме свесни сите, и од оваа говорница, во име на парламентарната група на ДПА ја информирам јавноста, пратениците на целиот Парламент на Република Македонија, значи сите политички партии во Република Македонија, албанското население во Република Македонија да повелат утре, поради празникот 22 ноември - Денот на албанската азбука, ден кој што е неработен во Република Македонија да повелат на свеченото отворање на Институтот за културолошко наследство на Албанците во Република Македонија "Петар Богдани", кој што свечено ќе се отвори утре во 12,00 часот, додека во 14,00 часот ќе се одржи свечена академија по повод отворањето на овој институт за културолошко наследство на Албанците, во која прилика ќе почне и Културната недела на Албанците во Македонија и во Битола ќе се одржи свечена академија што се однесува на овој празник, празник на Албанската азбука, каде што пред 99 години се отфрли од употреба арапската азбука, и се стави во употреба албанската азбука, латинската азбука.

Затоа, им го честитам на целото албанско население, на учениците, на студентите, на професорите и на целото население утрешниот свечен ден.

Уште еднаш се извинувам што ги потрошив овие три минути, меѓутоа, тоа е за добро на сите нас на овој начин одбележувањето на овој празник да биде колку што е можно посвечено.

**Љубиша Георгиевски:** Еве, и јас ќе ја искористам таа прилика, иако ми беше зацртано на крајот на седницата да ја упатам честитката додека сме на темата, а потоа да продолжиме со расправата.

Дозволете ми почитувани пратеници од мое и од ваше име на припадниците на албанската заедница да им го честитам 22 ноември, Ден на албанската азбука. Нека ви е среќен.

Сега да продолжиме со расправата, за која се договоривме дека ќе трае до 17,00 часот. Повелете госпоѓо Салију.

**Селвие Салију:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, определбата на Македонија за зачленување во Европската унија, како и нејзиното интегрирање во Евроатланските структури, на Македонија и се дефинирани приоритетите и определбите за тој пат на кој таа е тргната. Меѓународиот ангажман и ангажманот на Македонија во однос на почитување на правата и слободите на човекот преку Охридскиот договор, како и уставните амандмани на Република Македонија, како и Охридскиот и Мајскиот договор, крајно време е во Собранието на Република Македонија да дојде на дневен ред Предлог законот за Комитетот за односи меѓу заедниците.

Со овој закон се уредува работата на Комитетот за односи меѓу заедниците, надлежностите, начинот на компонирање, изборот на членовите и изјаснувањето на етничката припадност, начинот на одлучување и расформирањето на Комитетот и други прашања што се уредуваат со истиот. Комитетот е независен во вршењето на своите надлежности кои се дефинирани со Уставот и овој закон. Вршењето на надлежностите на Комитетот не може да се ограничи со некој друг закон или друг акт на органите на Република Македонија. Членовите на Комитетот се потполно независни во донесувањето на одлуките и неодговараат пред ниту еден државен орган за своите одлуки. Секој вид на притисок или насилие кое би се вршело кон членовите на Комитетот ќе се третира како насилие врз членовите на еден државен орган.

Крајно време е работата на Комитетот да се уреди со законот за работата на Комитетот, кој на многу подобар и пооправдан начин ќе беше уреден доколку се предложеше од пратениците на Собранието на Република Македонија, а не вака како што се предлага од страна на соодветно министерство на оваа Влада.

Законот за Комитетот се усвојува со мнозинство гласови и на пратениците, во која прилика треба да има и мнозинство на гласовите кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Сосема е вред Комитетот за начинот на својата работа да усвои и подзаконски акти. Комитетот по потреба може да ангажира и надворешни експерти или стручњаци од разните области во Зависност од потребата. Ние имаме искуство и од поранешниот и претходниот мандат на Комитетот, ккога истиот делуваше и работеше на многуте седници на кои имаше претставници и стручњаци од различни области во зависност од темите кои се третираа или дебатираа на седниците на Комитетот.

Комитетот врз основа на уставно дефинираните надлежности и со закон разгледува прашања од меѓуетничките односи. Комитетот разгледува прашања кои можат да ги подобрат меѓу етничките односи во Република Македонија, сугерира усвојување на закони и донесување на закони, Деловникот на Собранието и разни други акти и одлуки, решенија со кои се унапредуваст меѓуетничките односи.

Господине претседател, ве молам, за тишина, пратениците кои имаат потреба да комуницираат можат да излезат надвор од салата.

Значи сугерира преземање на мерки кои ќе овозможат рамноправност на заедниците, сугерира предлози, одлуки или решенија кои помагаат за подобар пристап кон државните ресурси и јавните услуги. Комитетот посебно ги разгледува и врши надзор над прашањата кои можеби влијаат врз нарушување на меѓуетичките односи, како што е спроведувањето на законите и други акти кои ги уредуваат меѓуетичките односи, однесувањето на државните органи кон претставниците на етничката заедница, пристапот на заедниците во државните ресурси и во јавните услуги. Комитетот одлучува за прашања што се во однос на спроведувањето на процедурата за гласање во Собранието утврдена во член 69 алинеја 2 од Уставот. Доколку во Комитетот се дебатира за експре закони, Парламентот е должен да ги разгледа мислењата и предлозите од страна на Комитетот. Значи, Парламентот спроведува начин на одлучување според одлуката на Комитетот. Всушност, мислењето на Комитетот, поаѓајќи од тоа како е уредено составувањето на Комитетот,Комитетот е составен од членови пратеници од политички партии кои ги застапуваат интересите на етничките заедници, односно на етнитетите.

Комитетот е составен од 19 членови, при што по седум се од редовите на пратениците Македонци и Албанци и по еден член од редовите на пратениците Турци, Власи, Бошњаци. Доколку некоја од заедниците нема пратеник, претставник пратеник, тогаш Народниот правобранител после консултациите со релевантни претставници на тие заедници ќе предложи други членови на Комитетот. За да не наидеме на пречки, како што наидовме на почетокот на овој мандат, за начинот на изјаснување на етничката припадност според мое мислење, изјаснувањето за етничката припадност се прави јавно и во моментот на кандидирање при Парламентарни избори. Кандидатот за член на Комитетот својата етничка припадност треба да ја има веќе јавно изјаснето во предизборната и изборната кампања и тоа, етничката припадност да се докаже со специјален образец кој се пополнува пред државниот орган, каде на експлицитен начин се докажува етничката припадност или пак етничката припадност да се изјасни јавно пред нотар или со специјален образец пред државната изборна Комисија. Кандидатите јавно ја потврдуваат нивната етничка припадност пред пратениците и јавноста.

Предлог за член на Комитет даваат политичките партии во Парламентот или пак кај нивните партиски предизборни коалиции и мислам дека овие предлози кои се од моја страна ќе бидат многу поприфатливи за формирањето на Комитетот во Собранието на Република Македонија. Бројот на членовите со кои политичките партии или коалициите ќе се претставаат во Комитетот ќе се утврди врз основа на начело на пропорционалност. Седум члена кои ја претставуваат македонската заедница и 7 члена од албанската заедница, истите да се распределат по политички партии и коалиции, предизборни коалиции врз основа на пропорционалноста од општиот број на пратеници, за тоа дали припаѓаат на оваа или онаа заедница. Доколку од редот на пратеници Турци, Власи, Роми, Срби или Бошњаци има повеќе од еден пратеник избран во Парламентот, не може да се спроведе начело на пропорционалност, како што спомнав и порано, Народниот правобранител после дополнителни консултации со релевантни претставници на тие заедници препорачува кој од нив ќе биде избран.

Верувам дека со овој закон ќе се уреди и мандатот на членовите на овој Комитет, а истиот може да престане со поднесување на оставка лично и на седница на Парламентот, а доколку членот не е пратеник во Парламентот, тоа ќе го направи Комитетот. Доколку се прави повлекување на било кој член поради некои дефинирани причини, автоматски треба да се расформира Комитетот и доколку има расформирање на Комитетот, во рок од 15 дена да почне нова постапка за избор на нов состав на Комитетот. Меѓутоа, тој повторен избор да не трае повеќе од 30 дена.

Верувам дека предлагачот ќе ги има предвид овие забелешки. Има време да интервенира во насока на измена на овој предлог како што е сега даден пред Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега за збор на ред е Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** За волја на времето, и го отстапувам зборот на госпоѓа Поповска.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Еве, тука е госпоѓа Поповска, повелете ако ви е вам отстапено.

**Лилјана Поповска:** Благодарам колешке Зумрете Јакупи.

Сакав сосема накусо да се осврнам на Предлогот за донесување на закон за Комитетот на заедниците. Сметам дека е добро што се донесува овој закон и јас ќе го поддржам предлогот за донесување на закон. Мислам дека е добро што ова мало законче ќе оневозможи да се создаваат проблеми онаму каде што ги нема или да се толкуваат погрешно некои работи, за да може евентуално да се создадат проблеми.

Предлогот за донесување на закон ќе го поддржам, а имам уште размисла и ќе видам како ќе гласам по текстот на Предлогот на закон, затоа што имам одредена задршка во поглед н а еден дел од текстот што се предлага. Имено, се предлага законите за државните симболи, за знамето, грбот и химната да одат со двотретинско гласање, плус со Бадинтерово мнозинство. Според моето скромно познавање од правото и според моето толкување на Уставот, мислам дека ваква одредба на законот што се предлага не е во согласност со членот 5 од Уставот на Република Македонија, каде што сосема јасно стои дека грбот, знамето и химната на Република Македонија се гласаат со закони со двотретинско мнозинство, значи без Бадинтер. Зборувам за последната верзија на Уставот, онаа што ни е прифатена со сите амандмани кои постојат во него. Моето толкување е, што се однесува до амандманот 10 кај што е предвидено симболите да се гласаат со двотретинско мнозинство и со Бадинтер се однесува и на сите други употреби на симболи во други закони, освен оние три кои што се наведени во членот 5, значи за грбот, знамето и химната на Република Македонија. Тука имам задршка и затоа ќе ја следам расправата и за крајниот текст ќе се изјаснам на крајот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Госпоѓо Јакупи, благодарејќи ви на убавиот гест што го отстапивте зборот, повелете ви давам збор сега.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам господине претседател.

Почитувани пратеници, ја користам можноста и јас да искажам неколку збора и да го дадам моето мислење околу овој закон за Комитетот за односи меѓу заедниците. Сакам да нагласам дека поради неколку недостатоци и аномалии, или законски недоследности веднаш по минатите парламентарни избори парламентарното мнозинство ВМРО-ДПМНЕ направи една политичка калкулација. И на тој начин за да го добие мнозинството во составот на овој Комитет. И во оваа насока ова мнозинство го искористи правото, уставно гарантирано право со што на граѓаните им се гарантира правото за самоизјаснување. Недефинираната проблематика со законски одредби кога треба да се даде на етничката, изјаснување на пратениците и колку треба да важи и како да се надмине етничкото негово право за еден мандат од четири години, еден создаден проблем веднаш по изборите создаде една тензична клима, меѓуетничка и меѓупартиска во овој Парламент. Парламентарната криза создадена помеѓу двете етнички сили, меѓу двете поголеми политички и етнички сили изјавени како легитимни сили од двата поголеми етникуми во Република Македонија создаде можност за преговори со посредство на меѓународната заедница. Овој дијалог даде резултат со 29-ти мај 2007 при што имаме едно договарање и една од точките од овој договор е дефинирањето на листата закони кои треба да се гласаат со двојно начело, или со Бадентеровиот принцип. Ова начело е гарантирано со Амандманот 10 од Уставот на

Република Македонија. Исто така, и овој постигнат договор со кој се овозможи да се постигне договор и за потребите на донесување на еден закон во кој ќе се ограничи работата на Комитетот за односи меѓу заедниците. Мило ми е што е на дневен ред оваа точка како резултат на овој договор што е на дневен ред на оваа пленарна седница. Со оваа точка ќе има можност да се реализира, практично да се реализира овој договор од 29-ти мај 2007 година. Добро е што сето ова се случува денес и треба да се донесе. Но, нашата забелешка е во насока на тоа дека се работи за Амандманот 10-А предложен од страна на Владата при што ќе се опфати листата закони кои ќе се изгласаат со двојно мнозинство, или со Бадентер. И нашата забелешка е токму тука, дека наместо да се донесат 46 закони како што сме се договориле на 29-ти мај 2007 година, во оваа листа се дадени 45, наместо 46, имаме само 45 закони, ќе се носат со Бадентер и тоа недостасува законот кој е од големо значење за Република Македонија, а тоа е законот за употребата на јазиците. Мислам дека недостатокот на овој закон во оваа листа е непотребен проблем во дадената ситуација за Република Македонија. Затоа е упатно и добро Владата на време да интервенира и да го вгради законот за употребата на јазиците. Значи, тој закон да се гласа со двојно мнозинство, или со Бадентер. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам господине претседателе, почитувани пратеници,

Не знам дали ќе имаме доволно време да излагам околу Предлог законот за Комитетот за односи меѓу заедниците. Но, доколку е потребно за волја на времето, мислам да се повлечам. Ова зависи од вашата проценка во оваа насока, господине претседател.

**Љубиша Георгиевски:** Ако се држиме до договорот до 17,00 часот би требало да привршуваме. Сега, за три или пет минути, нема да правиме бирократски пречки. Ако можете за три до пет минути, повелете. Но, да сме тука некаде, бидејќи тогаш е ваше барање тоа.

**Тахир Хани:** Сакам да нагласам дека целата јавност во Република Македонија знае дека веднаш по минатите парламентарни избори Република Македонија се соочи со неколку политички проблеми во рамките на овој Парламент. И основниот проблем во оваа насока беше основањето на Комитетот за односи меѓу заедниците создаде еден проблем, или создаде едно инструментализирање од страна на парламентарното мнозинство од причина што заложбата и желбата на парламентарното мнозинство беше да има мнозинство и во овој Комитет за односи меѓу заедниците. Разбирливо е дека Комитетот за односи меѓу заедниците како уставна категорија која ќе ги разгледува спорните проблеми кои се јавуваат во Парламентот и посебно кога се говори за начелото на двојното гласање на законите кои ќе се гласаат во ова Собрание. И на овој начин во Парламентот се создаде парламентарна криза и една неповолна клима меѓу политичките партии. И во оваа насока кризата се концентрира воглавно меѓу двете легитимни партии. Во етничките табори оваа криза се создаде меѓу ВМРО-ДПМНЕ и Демократската унија за интеграција. Бидејќи врз основ на временските консталации од тоа време секако би требало од составот на Комитетот за односи меѓу заедниците сигурно претседателот на овој Комитет би требало да му припадне на Демократската унија за интеграција. Но, како и да е овој момент создаде можност Парламентот да дебатира и за можноста на издигнување на ниво на закон, на категорија на закони, значи основањето на Комитетот за односи меѓу заедниците, како и да се дефинира со законски одредби ја дефинира работата и функционирањето на Комитетот за односи меѓу заедниците. Јас сакам да го нагласам фактот дека еден од клучните проблеми од одржаните разговори меѓу ВМРО-ДПМНЕ и Демократската унија за интеграција беше и проблемот на основањето на овој Комитет, или создавањето, или донесувањето на еден закон кој ќе го дефинира како норма Комитетот за односи меѓу заедниците. Мислам дека и сега овој закон е во парламентарна дебата и е добра можност практично да се реализира еден договор. Иако сакам да го нагласам и фактот дека целата меѓународна заедница, почнувајќи од Брисел, европската заедница од центрите на одлучување како што секогаш имавме сугестии, искрени сугестии и пријателски во однос на Република Македонија за да создадеме една што поповолна клима, една клима на дијалог меѓу позицијата и опозицијата, една клима преку разговорите да дојдеме до договори кои ќе го зголемат легислативниот стандард и усогласувањето на нашето законодавство со европската легислатива. Мислам дека е добар пример да ја докажеме нашата политичка зрелост и да докажеме дека ние треба да решиме некои проблеми кои создаваат проблеми во Република Македонија и со тоа да дадеме добар, јасен сигнал кон Европската унија дека ние сме зрели како земја да ги решиме проблемите кои ни создаваат секогаш неповолни состојби во земјава. Но, посебно би сакал да нагласам дека независно од законот за кој говориме, ќе произлезат и други закони кои ќе се носат во Парламентот на Република Македонија кои ќе бидат во категорија на закони врз Амандманот 10 од Уставот на Република Македонија може да се гласаат со двојно гласање, или со Бадентер, бидејќи тука е и законот за употребата на јазиците, бидејќи непосредно ја засега областа на Амандманот 10 од Уставот на Република Македонија. Мислам дека ако имавме едно повисоко чувство, сигурно дека немаше да биде проблем Владата да го прифати и овој закон да биде во категоријата, да биде во листата на законите кои ќе се носат со Бадентер. Затоа мислам дека единствената забелешка на ДУИ, мислам освен забелешката што ја искажа претходниот пратеник господинот

Аднан Јашари со кое бараше објаснување од страна на министерот за правда за кое треба овие две забелешки да се разгледаат и по можност Министерството за правда и министерот да интервенира и ако е можно да го подобри текстот на законот за Комитетот за односи меѓу заедниците. Јас овде ќе завршам. Ви благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Комитетот за односи меѓу заедниците.

Овде според договорот ја завршуваме денешната седница.

Утре Собранието ќе работи по комисии и се друго освен што нема да имаме пленарна седница.

Во петок ќе продолжиме точно овде каде што застанавме.

Ви благодарам на соработката.

(Седницата прекина во 17,05 часот)